Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
КЕЦ Тетово
Бр. 03 - 748/21
14-09-2021 201 год.

EVN Group

До
Основно Јавно Обвинителство Тетово
Тетово

14.09.2021 година

**Предмет:** Одговор на Наредба Ро.бр.559/21 од 13.09.2021 година

Почитувани,

Постапувајќи согласно Вашата Наредба во врска со настанот случен на 08.09.2021 година, односно настанатиот пожар во Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово, појаснуваме:

Во конкретниот случај Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово не е приклучена на дистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како оператор на дистрибутивен систем туку е приклучена на внатрешната инсталација (внатрешен приклучок) на корисникот ЈЗУ Клинички центар Тетово. Оттука, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје нема обврска за поседување на Елаборат за снабдување со електрична енергија или План за целокупната електрична инсталација за Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово.

Имено, приклучокот за Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово од внатрешната инсталација (внатрешниот приклучок) не е изграден и не е во сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како ОДС, при што Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје нема обврска за негово одржување.

Воедно укажуваме дека од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како ОДС од било кого, вклучувајќи го и корисникот ЈЗУ Клинички центар Тетово во чии рамки е модуларната болница, не е побарано да изведе внатрешен приклучок за Модуларната болница при ЈЗУ Клинички центар Тетово во смисла на одредбите од член 48 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија според кој: *„Внатрешниот приклучок на корисникот на дистрибутивната мрежа може да биде изведен од лица ангажирани од страна на корисникот, кои поседуваат овластувања за изведувач од таков вид согласно закон и друг пропис или од страна на ОДС. Внатрешниот приклучок е во сопственост на корисникот на дистрибутивната мрежа. Корисникот е должен да го одржува внатрешниот приклучок, инсталациите од мерниот уред до сопствениот објект, на сопствен трошок. ОДС не е одговорен за настанување на штети или загрозување на сигурнотоста, безбедноста и квалитетното снабдување со електрична енергија на корисникот, ако истите се предизвикани од неисправност на внатрешниот приклучок на корисникот.“*

Ви стоиме на располагање за било какво дополнително појаснување.
Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
КЕЦ Тетово

Електродистрибуција ДООЕЛ * КЕЦ Тетово * Скопје

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
КЕЦ Тетово
ул.Илирија бб (во Стопански двор)
1200 Тетово
Т +389 (0)2 3205 300 - 2529

ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL Skopje
KEC Tetovo
ul.Ilirija bb (vo Stopanski dvor)
1200 Tetovo
T +389 (0)2 3205 300 - 2529